**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Годишна програма за работа на Советот за образование на возрасни за календарската 2026 година

Скопје, април, 2026 година

# ИДЕНТИФИКАЦИСКА КАРТА

| | |
|---|---|
| Назив: | Совет за образование на возрасни |
| Адреса: | Димитрие Чуповски 13, Скопје |
| Основач: | Влада на Република Северна Македонија |
| Ресорно министерство: | Министерство за образование и наука |
| Состав на Совет на образование на возрасни: | Александар Станковски - Претседател на Совет, од редовите на експерти,<br>Благој Христов од Стопанска комора на РМ - заменик претседател на Совет,<br>Маја Петрова од Агенција за иновации, научно технолошки развој и претприемништво ИНОВА – член,<br>Биљана Живковска од Агенција за вработување-член,<br>Славе Чорбев од ЗЕЛС-член,<br>Ридван Зеќири од Центар за развој на стручно образование и обука – член,<br>Дејан Стојчески од СОНК – член,<br>Ленче Божиноска од Министерство за финансии – член,<br>Весна Кусакатска од редот на експертите – член,<br>Фејзула Арифи од Биро за развој на образование-член,<br>Ќенан Сали од Министерство за образование и наука – член,<br>Билјана Талевска од Организација на Работодавачи на Македонија – член<br>Лиљана Крстевска од Занаетчиска комора на Македонија –член. |

Врз основа на член 9 став (10) од Законот за образование на возрасните (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.3 од 03.01.2025 година), Советот за образование на возрасни на седницата одржана на 23.01.2026 година, ја усвои и донесе Годишната програма за работата на Советот за образование на возрасните за календарската 2026 година.

Со оваа програма се утврдуваат активностите и задачите кои Советот за образование на возрасни ќе ги реализира во текот на календарската 2026 година.

## Правна основа, улога и надлежности на Советот за образование на возрасни

Советот за образование на возрасните е советодавно тело формирано од Владата на Република Северна Македонија, согласно член 9, од Законот за образование на возрасните на Република Северна Македонија, со улога да обезбедува советодавна поддршка во креирањето и унапредувањето на јавните политики од областа на образованието на возрасните и доживотното учење во целина во Република Северна Македонија. Советот делува во рамки на правно-институционалниот систем, според Законот за образование на возрасните и Деловникот за работа на Советот за образование на возрасни, во тесна соработка со Министерството за образование и наука и Центарот за образование на возрасни, како и други надлежни институции, со цел усогласување на образовните политики со потребите на пазарот на трудот и со приоритетите на националниот развој во државата.

Согласно своите законски надлежности утврдени во член 10, од Законот за образование на возрасни, Советот има надлежности врз следново: изготвува и предлага Стратегија за образование на возрасните во контекст на доживотното учење, предлага развојни политики на годишно ниво до Министерството за образование и наука и до Владата на Република Северна Македонија врз основа на анализи за потребите на

пазарот на трудот изготвени од страна на Министерството за образование и наука, Центарот за образование на возрасните, Стопанските комори, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Државниот завод за статистика и други надлежни институции. Во рамки на своето работење, Советот дава мислење за финансирање на програмите за образование на возрасните за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија, како и мислење за финансирање на валидацијата на неформалното образование и информалното учење за одредени стручни квалификации, доставува предлози за изготвување стандарди на квалификации и стандарди на занимања до Министерството за образование и наука и подготвува полугодишни, годишни извештаи за своето работење со конкретни предлози за развојни политики и друго.

Основната мисија на Советот е да придонесе кон развој на квалитетен, релевантен и одржлив систем за образование на возрасните, заснован на принципите на доживотно учење, еднаков инклузивен и транспарентен пристап и усогласеност со потребите на пазарот на трудот, со цел зголемување на вработливоста, социјалната вклученост и конкурентноста на човечкиот капитал. Советот ја реализира својата работа преку одржување на редовни седници, разгледување на иницијативи, давање мислења и формулирање предлози и препораки до надлежните институции, врз основа на релевантни податоци и стручни анализи.

Оваа годишна програма за активностите на Советот ќе се однесува во периодот од 12 месеци, односно на календарската 2026 година, и претставува официјален преглед на активностите на Советот за образование на возрасни, за обезбедување унапредување на јавните политики во областа на образованието на возрасните согласно потребите на државата во рамките на Законот за образование на возрасни и Деловникот за работа на Советот за образование на возрасни.

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за работа на Советот за образование на возрасни за календарската 2026 година

Годиншната програма на Советот за образование на возрасни за календарската 2026 година е распределена според предвидените активности и динамиката за работа на Деловникот за работа на Советот, носителите на активностите, индикаторите за реализација, во согласност со правната основа за нивно реализирање.

| Број | Активност | Рок | Носител | Правна основа |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Следење на имплементацијата на Стратегијата за образование на возрасни 2025–2030 и годишните акциски планови. | Континуирано. | СОВ | Закон за образование на возрасни; Стратегија за образование на возрасни 2025–2030. |
| 2. | Мислење и препораки на процесот на имплементација на Валидацијата на неформалното и информално учење во образованието на возрасните. | Во текот на 2026 година | СОВ | Закон за образование на возрасни; Стратегија за образование на возрасни 2025–2030. |
| 3. | Предлози и препораки до надлежни инситуции за организирање на обуки и | Во текот на 2026 | СОВ | Закон за образование на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | работилници за возрасни, на локално и национално ниво, како и предлози за обука и стручно усовршување на членовите на Советот. | година | | возрасни. |
| **4.** | Предлози и мислења за развивање и иницирање на воспоставување функционална база на податоци (регистар) за програми, провајдери и учесници во образованието на возрасни, со цел подобро планирање, следење и унапредување на политиките во образованието на возрасните. | II или III квартал, 2026 година. | СОВ | Стратегија за образование на возрасни 2025-2030. |
| **5.** | Предлози и препораки до надлежни институции за спроведување на кампања за промоција на учењето и образованието на возрасни на локално и национално ниво. | II–IV квартал, 2026 година. | СОВ | Закон за образование на возрасни. |
| **6.** | Предлози и препораки до надлежни институции за изработка и промоција на извештај/брошура „Образованието | III-IV квартал 2026 година. | СОВ | Закон за образование на возрасни. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на возрасни во државата“. | | | |
| **7.** | Предлог и препорака за разгледување на можноста за организација на настан „Недела на образованието на возрасни“. (национално и локално ниво). | IV квартал, 2026 година. | СОВ | Закон за образование на возрасни. |
| **8.** | Предлози и мислења до надлежните институции за изработка на локални стратегии/акциски планови за образование на возрасни. | Континуирано. | СОВ | Закон за образование на возрасни; Национални политики, политики на ЗЕЛС. |
| **9.** | Соработка со министерства, институции, комори, организации на работодавачи, синдикати, АВРСМ, ЗЕЛС, ЛЕСС, општините и други институции. | Континуирано. | СОВ. | Закон за образование на возрасни. |
| **10.** | Предлага развојни мерки/политики врз основа на резултати и препораки од направени од анализи на потребите од вештини на пазарот на трудот. | Континуирано. | СОВ | Закон за образование на возрасни. |
| **11.** | Консултации со провајдери за примена и квалитет на програмите | Континуирано. | СОВ | Закон за образование на возрасни. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | за образование на возрасни. | | | |
| **12.** | Предлози за финансиски и даночни мерки за поддршка на преквалификација и доквалификација, како и Предлози до Министерството за образование и наука за национални квалификации и стандарди на занимања. | Согласно потребите. | СОВ | Закон за образование на возрасни, други релевантни закони. |
| **13.** | Иницијативи за унапредување на системот за обезбедување и контрола на квалитет. | Континуирано. | СОВ | Закон за образование на возрасни. |

## ЗАВРШНО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Годишната програма за работа на Советот за образование на возрасни за 2026 година е изготвена во согласност со Законот за образование на возрасни, Стратегијата за образование на возрасни 2025–2030 и Деловникот за работа на Советот и е усвоена на Седница на Советот одржана на 23.01.2026 година.

Програмата има за цел обезбедување на систематско и координирано следење, унапредување и промоција на образованието на возрасни, како составен дел на концептот на доживотно учење.

Предвидените активности се насочени кон зајакнување на советодавната улога на Советот кон Министерството за образование и наука и Владата на Република Северна Македонија, заради градење повратна

спрега во насока на подобрување на квалитетот и достапноста на образованието на возрасни, како и негово усогласување со потребите на пазарот на трудот.

Посебен акцент се става на соработката со општините, релевантните институции, социјалните партнери и провајдерите на услуги за образование на возрасни, со цел развој на национални и локални политики, унапредување на промоцијата на образованието на возрасни и обезбедување современ, одржлив и квалитетен систем за образование на возрасни во Република Северна Македонија.

Спроведувањето на активностите од Годишниот програма за работа на Советот за 2026 година, во многу ќе зависи од поддршката на Министерството за образование и наука, Центарот за образование на возрасни,

поддршката од ЗЕЛС и општините, како и сите други надлежни институции, но и од документи, решенија, анализи кои Советот треба да ги добива од релевантните институции.

Оваа Годишна програма на Советот за образование на возрасни, влегува во сила со денот на донесувањето за 2026 година.

**Датум:**

**17.04.2026 година**

**Претседател на**

**Совет за образование на возрасни:**

**Александар Станкоски**